# Подигање на свеста за семејното насилство

## Вовед

Семејното насилство е општествен проблем кој е доста застапен. Секоја втора жена во државата е жртва на психолошко насилство, секоја петта жена се соочува со одредена форма на физичко насилство, додека сексуалното насилство помеѓу двајца партнери сѐ уште е тема за која ретко се разговара во нашето опкружување.

## Цел

Преку приказ на случај на жена која претрпела семејно насилство во бракот сакаме да ја подигнеме свеста кај младите кон важноста за препознавање на сите видови на насилство, навремено пријавување и соодветна помош во сите сфери на општеството.

## Приказ на случај

Жена на 59 годишна возраст, 2 деца, актуелно вработена и разведена, живеат одвоено во иста семејна куќа. Со поранешниот сопруг се знаеле два месеци пред да стапат во брак. Се омажила на 24 години. Сакала да се вработи, но не и било дозволено. Пред 12 години кога починал свекорот, сопругот почнал почесто да пие, а пред 4 години кога починала свекрвата тоа станало редовно и во големи количини. Сопругот не и давал пари, бил љубоморен. Постојано се расправале, повеќе пати во напиена состојба знаел да ја удри, со тупаница или да ја фати за коса. Почнале да живеат одвоено, зборувал дека децата не се негови и сл.Еден ден дошол после работа во напиена состојба, тропал на врата, и викал со погрдни зборови, потоа повеќе пати со боксови ја удрил по глава, по тело и ја давел. Викала за помош, притрчале комшиите, потоа била повикана полиција и била однесена во Ургентен центар.

## Резултати

После претепувањето, случајот зазема судски епилог, на крајот со условна осуда доколку обвинетиот за време од две години не стори ново кривично дело. После настанот испитаничката вели дека живеела со силен страв, ставала шипка на врата да не може тој да отвори. На психички план психомоторно напната додека раскажува и се потсетува на се она што се случувало и што доживеала. Преопширна во мислењето, потешко се насочува кон одредена цел, деконцентрирана, растревожена. Афективно го прати она што го искажува со мислите, повремено заплакува кога зборува за самиот критичен настан.

## Заклучок

Приказот на случај укажува на потребата за подигање на свесноста за семејното насилство, навремено пријавување и преземање на соодветна заштита и помош на жртвите од страна на сите институции во општеството.

## Клучни зборови

семејно насилство, свесност, алкохолизам



## Име и Презиме


Ј.Конеска 1.1 Р.Крстеска 1.2


## Единица од која доаѓа кандидатот


1 Факултет за медицински науки ,,Универзитет “Гоце Делчев”-Штип Адреса:,,Крсте Мисирков”10-А, 2000-Штип, Р.Северна Македонија

2 ПЗУ Центар за Семејно здравје Хелио Медика 2, Скопје
email:jovana.153775@student.ugd.edu.mk